По поднесена иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за донесување на Регулациски план на Генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за четврт З 05, бр.27-8039/1 од 23 август 2021 година, образуван е предметот У.бр.81/2022. По разгледување на истиот, на седницата одржана на 12 јули 2023 година, Судот, со Решение У.бр.81/2022 одлучи да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот акт. По поведената постапка за оценување на уставноста и законитоста, Судот со Одлука У.бр.81/2022 од 21 септември 2023 година го укина предметниот акт. Решението и Одлуката се објавени на веб-страницата на Судот, www.ustavensud.mk , во делот „одлуки и решенија“.